Проектот е финансиран од Европската Унија

# ПОЈАСНУВАЊА ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПОВИКОТ ЗА РЕ-ГРАНТИРАЊЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ ,,СЛЕДЕЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО ЗАЧУВУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ"

**Објавен на 05.05.2017 од страна на Центарот за управување со промени**

| | Прашања/Забелешки | Одговори |
|---|---|---|
| 1 | **Дали повикот се однесува на организации кои што се надвор од споменатите градови (Битола, Велес, Струга, Струмица, Куманово, Тетово, Штип)?** | Повикот се однесува на организациите кои што се наоѓаат во седумте региони изземајќи го Скопскиот, а тоа значи Пелагонискиот, Вардарскиот, Североисточниот, Југоисточниот, Југозападниот, Полошкиот, Источниот регион. Набројаните градови се споменати како главни урбани центри од споменатите региони ставајќи ги како приоритетни во процесот на мониторинг, но тоа не значи дека организациите треба да бидат само од урбаните центри, туку секако може да бидат од соодветните региони. |
| 2 | **Како организација на луѓе со искуство, работевме во рамки на проект од 2014 година поддржан од страна на фондацијата Отворено општество, но како правно лице сме регистрирани од јануари 2017 година, дали на овој начин ние имаме можност да аплицираме за овој повик?** | Еден од условите кој што граѓанската организацијата треба да го исполнува е и статусот како правно лице барем една година, но доколку организацијата имала континуирана работа во рамки на проект во периодот пред тоа, тогаш може да се земе во разгледување нејзината апликација за грант. |
| 3 | **Дали вашиот повик се однесува на организации кои што работат со специфични групи на локално ниво (на пример млади, деца, лица со посебни потреби) на нивна едукација, достава на обуки, креирање на јавни политики за овие групи?** | Предност ќе имаат организации кои што имале искуство во областа на јавни политики за реформи на јавната администрација и добро управување, или пак барем еден од членовите на организацијата да имал такво искуство. Доколку организацијата немала директно вакво искуство, а има успешни проекти и добра пракса на соработка со локалната самоуправа, организации и други општествени актери може да биде погодна за добивање на грант. Во овој случај човечките ресурси ќе треба да ги надополни со експертиза на надворешни соработници. |
| 4 | **Дали треба организацијата да има искуство во конкретниот принцип кој ќе се адресира или е важно генерално искуството во области приоритетни за јавна администрација?** | Одговорот на ова прашање може да се најде во одговорот на прашањето 3. |
| 5 | **Дали треба да се осврнеме на еден конкретен СИГМА стандард или треба да дадеме опис на мониторинг на сите СИГМА стандарди?** | Не преферираме одреден СИГМА стандард кој вие ќе го предложите како главен за вас за мониторинг. Може да се земе предвид еден или повеќе СИГМА принципи, или пак аспекти од принципите кои ќе ги потенцирате во вашата проектна апликација. Во понатамошната фаза на проектот, ќе се определи на кој начин ќе бидат мониторирани СИГМА принципите, односно преку кои |

| | | |
|---|---|---|
| | | индикатори. Фактичкиот мониторинг ќе ги опфати во одредени сегменти сите СИГМА принципи. |
| 6 | **Дали во проектот треба да се опише мониторинг на една локална самоуправа или на повеќе?** | Во самиот предлог проект може да се мониторира само една локална самоуправа, но во реалната имплементација на проектот, мониторирани ќе бидат повеќе локални самоуправи во соработка со останатите граѓански организации и секако со помош на ЦУП, МКА 2000 и СКУП – Македонија. |
| 7 | **Дали може да мониторираме друга локална самоуправа/град на кој што не му припаѓаме?** | Да, може да се мониторира локална самоуправа која што не е вашата на која што географски ѝ припаѓате. Впрочем, во фазата на мониторинг ќе ви бидат доделени неколку локални самоуправи од вашиот регион. |
| 8 | **Дали организацијата може да аплицира со партнерска организација, и дали треба да се приложи договор за партнерство?** | Подобро е за секоја организација да аплицира засебно, во интерес на поедноставување на процесот на имплементација на проектот наспроти висината на грантот кој што се доделува.<br>Сепак, конечен одговор е дека може да се аплицира на овој повик со партнерска организација. |
| 9 | **Колкав процент од буџетот покрива ЦУП, а колкав организацијата?** | Грантот е 100% покриен од страна на ЦУП и не подразбира кофинансирање од страна на граѓанските организации. |
| 10 | **Дали вработените можат да одат на обуки за изведување на овој проект или мора да се најдат веќе искусни луѓе кои ќе го изведат мониторингот?** | Да, вработените неизоставно ќе учествуваат во двата модули на обуки: Добро управување и за Комуникација и дисеминација на резултати кон ЕЛС, а вашите стручни соработници исто така можат да учествуваат во истите. Покрај овие два модули на обука, ќе биде одржана и менторска работилница на која практично ќе биде објаснето како треба да биде спроведено мониторирањето. |
| 11 | **Како треба да се испланира проект менаџментот?** | Оваа структура е опфатена во Образецот за Буџет, во делот 1 – Човечки ресурси. Тоа се Проектен координатор, Проектен асистент, Финансиски менаџер, Волонтер. Земајќи ја во предвид висината на грантот и обврските кои произлегуваат од проектот, практично е доволно да дедицирате само Проектен координатор од вашата организација кој ќе биде распределен со одреден процент во проектот. |
| 12 | **Како треба да се распредели Буџетот по ставки?** | Процентуалната распределба на Буџетот подразбира дека ставката за Човечки ресурси не треба да надминува 25% од вкупниот грант, а останатите ставки зависат од вашите потреби. Во ставката 3. Програмски трошоци се содржани трошоците за експертите и трошоците за мониторинг извештаите што е врзано за човечки ресурси, во тој смисол акцентот може да го ставите на оваа ставка. Доколку сте обезбедени за Канцелариски трошоци, сите 75% од останатите средства може да се стават во Програмски трошоци. |
| 13 | **Дали грантистите треба буџетски да ја планираат јавната дебата или истата е** | Грантистите не треба финансиски да ја планираат организацијата на јавната дебата, со тоа што истата |

| | | |
|---|---|---|
| | **100% покриена од страна на ЦУП како што е напишано во самиот повик?** | технички и финансиски ќе биде покриена од ЦУП и партнерите. |
| **14** | **Бидејќи структурата на нашата организација е таква да членството работи на волонтерска основа, воедно и членовите на извршниот и надзорниот одбор ја извршуваат својата фукнција волонтерски, така што сите оние кои што учествуваат во имплементација на проекти се хонорарно исплаќани. Дали во овој случај проектниот координатор треба да биде ставен во ставка *Човечки ресурси* или пак ако е буџетиран од проектот во програмски трошок?** | Проектниот координатор мора да биде наведен во ставката 1 – Човечки ресурси и иако не е вработен во организацијата, може хонорарно да биде исплаќан на месечна основа. |
| **15** | **Како да се фокусираме на СИГМА стандардите, дали треба да го врземе нашето искуство во следење на работата на јавните установи или пак фокусот треба да се стави токму на работата на локалните самоуправи?** | Фокусот треба да се стави на работата на локалните самоуправи според СИГМА принципите 1. Стратешка рамка за реформи на јавна администрација; 2. Развој и координација на политиките; 3. Јавна служба и управување со човечки ресурси; 4. Отчетност; 5. Обезбедување на услуги; 6. Управување со јавните финансии. |